АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03.10.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 3629 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 26 септември 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 12.07.2023 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-239 од 12.07.2023 година) на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (18.07.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 26 септември 2023 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 14 од Законот за медиуми** (*објавување импресум*).

   Спротивно на точката 15 од „*Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците*“, во целините од кусите радиовести насловени „*Една минута позитивни факти - според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори*“ (табела 1), како и во забавно-информативните целини: „*Добро утро / Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза*“ и „*Светот во 4 со Вики и Стела*“ (табела 2) - ниту на најавна ниту на одјавна шпица не беа објавени:

- *името и презимето на уредникот на конкретното издание на вестите;*
- *името и презимето на спикерот/новинарот;*
- *името и презимето на лицето задолжено за техничко водство на емисијата;*
- *датумот на продукцијата (ден, месец и година);*
- *името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.*

**Табела 1 од 26.09.2023 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Една минута позитивни факти – според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори" | 11:15:38 | 11:17:42 | Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот ни на најавна ни на одјавна шпица не објави импресум за наведените изданија на вестите; |
| | 12:13:50 | 12:15:53 | |
| | 13:14:17 | 13:16:21 | |
| | 14:11:41 | 14:13:45 | |
| | 15:14:41 | 15:16:45 | |
| | 16:09:53 | 16:11:58 | |
| | 17:14:03 | 17:16:06 | |
| | 18:06:16 | 18:08:19 | |

**Табела 2 од 26.09.2023 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Добро утро / Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза | 09:03:48 | 11:23:05 | Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот ни на најавна ни на одјавна шпица не објави импресум во наведените забавно-информативни целини. |
| „Светот во 4 со Вики и Стела" | 16:16:23 | 16:50:30 | |

***Белешка***:

*Споредбено – за официјална одјавна шпица што ги содржи сите горенаведени податоци за подготовката на утринскиот, забавно-информативен програмски појас насловен „Добро утро со Даниела", кој на денот на контролниот надзор почнува во 8 часот и 3 минути, а завршува во 9 часот и 3 минути - може да се смета одјавата на вестите на Радио Метрополис емитувани непосредно пред крајот на пограмскиот појас, затоа што новинарката Даниела Ангелковиќ е и водителка на програмскиот појас и спикерка на вестите. Ова не е применето во последователно емитуваниот забавно-информативен програмски појас насловен: „Добро утро / Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза".*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, на програмскиот сервис од 26 септември 2023 година, емитуван на државно ниво, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести насловени: „*Една минута позитивни факти – според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори*“, како и во забавно-информативните целини: „*Добро утро / Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза*“ и „*Светот во 4 со Вики и Стела*“.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 12.07.2023 година, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје не ја отстрани повредата на Законот за медиуми.

Оттаму:
Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со точката 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***